# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 14** **20 јануари 2020, понеделник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2020 година.

Бр. 08-470/1
17 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19), во насловот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

По членот 1 се додава нов член 1-а, кој гласи:

„Член 1-а

(1) Законот има родово сензитивен пристап и еднаква применливост кај жените и мажите на служба во Армијата.

(2) Сите поими употребени во законот во машки род подразбираат исти поими во женски род.“.

Член 3

Во член 2 ставот (2) се менува и гласи:

„Како служба во Армијата се смета и вршење должности во Министерството за одбрана, Воената академија, другите органи на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, учество на вежби, обука, хуманитарни операции, меѓународни операции, во мисии и операции на Организацијата на Северноатлантскиот договор (во натамошниот текст: во НАТО мисии и операции) и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, како и вршење на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката.“.

Член 4

Во член 3 став 1 точката в) се менува и гласи:

„припадници на резервните сили поставени на должност согласно со актот за формација на Армијата и тоа:

- припадници на активната резерва и
- припадници на општата резерва.“.

Член 5

Во член 11 ставот (2) се менува и гласи:

„Воениот и цивилниот персонал има и посебни исправи предвидени со Женевските конвенции во случај на воена состојба и учество на вежби, обука, хуманитарни операции, меѓународни операции, НАТО мисии и операции во примена на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, како и вршење на должности во командните структури на НАТО и команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство.“.

Член 6

Во член 13 став (1) алинејата 1 се менува и гласи:

„- министерот за одбрана или од него овластено лице за офицерите со чин полковник, како и на места за кои согласно со актот на формација е предвиден чин полковник и за воените старешини поставени на должност во Министерството за одбрана, командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката.“.

Член 7

По членот 13 се додава нов член 13-а, кој гласи:

„Член 13-а

(1) Надлежните лица за донесување наредби од членот 13 од овој закон, се должни да водат сметка за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

(2) Надлежните лица за донесување на наредби од членот 13 од овој закон, ќе ја имплементираат родовата перспектива.“.

Член 8

Членот 22 се менува и гласи:

„(1) На воениот и цивилниот персонал Министерството за одбрана му ги надоместува трошоците направени при користење на здравствени услуги во јавните здравствени установи и се ослободува од плаќање на лекови кои се наоѓаат на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на кој министерот за здравство дава согласност.

(2) За лицата упатени на должност во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство, во земји со кои Фондот за здравствено осигурување на Републиката нема склучено договор за здравствена заштита, Министерството за одбрана склучува договор со осигурителна компанија од Републиката или од државата каде е упатен, за право на користење на здравствени услуги во странство за лицата упатени на должност и за членовите на нивните семејства.

(3) Надоместокот на трошоците од ставот (1) на овој член подразбира обезбедување на основни здравствени услуги опфатени со задолжително здравствено осигурување на осигурените лица во примарната, специјалистичко-консултативна и болничката здравствена заштита, во согласност со закон.

(4) Надоместокот на трошоците од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, на воениот и цивилниот персонал се врши по претходно приложената уредна документација за направените трошоци, издадена од јавна здравствена установа во рок од седум дена по констатирање на оправданоста.“.

Член 9

Во членот 24 зборовите: „во вежбовни активности и обука, хуманитарни операции или мировни операции“ се заменуваат со зборовите: „на вежби, обука и во хуманитарни операции, меѓународни операции, НАТО мисии и операции“.

Член 10

По членот 29 насловот на Глава III се менува и гласи:

„III. ПРИЕМ НА АКТИВЕН ВОЕН И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА И ИЗБОР И ПОПОЛНА СО ПЕРСОНАЛ НА АКТИВНАТА РЕЗЕРВА“.

Член 11

Во членот 30-а зборовите: „или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија“, се заменуваат со зборовите: „и меѓународни операции, НАТО мисии и операции и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност и команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Република Северна Македонија.“.

Член 12

По членот 30-а се додава нов член 30-б, кој гласи:

„Член 30-б

(1) Министерството за одбрана може да стипендира лица за критични специјалности, заради поставување на должност во Армијата, согласно со актот на формација.

(2) Условот за стипендирање на лице за критични специјалности е лицето да има завршено средно образование со одличен успех, да биде запишано на факултет од областа на критичните специјалности и да ги исполнува општите услови од членот 31 од овој закон.

(3) Стипендираното лице има обврска да остане во работен однос со Министерството за одбрана во времетраење најмалку двојно повеќе од времето за кое добивало стипендија.

(4) Работен однос со Министерството за одбрана и на служба во Армијата, со лицата од ставот (1) на овој член, може да се заснова без јавен оглас, согласно со договор за права и обврски за стипендирање.

(5) Начинот на стипендирање го пропишува министерот за одбрана.“.

Член 13

Во член 32 став (1) алинејата (1) се менува и гласи:

„- да има завршено Воена академија или да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС и завршено стручно оспособување и усовршување за офицер.“.

Алинејата (2) се брише.

Во ставот (2) зборовите: „алинеја 2“ се заменуваат со зборовите: „алинеја 1“.

Член 14

Во член 33 став (1) алинеја 4 точката се заменува со сврзник „и“.

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:
„- да не е постар од 40 години.“.

Член 15

Во член 34 став 1 алинеја 7 зборовите: „33 години“ се заменуваат со зборовите: „40 години“.

Член 16

Членот 36 се менува и гласи:

„(1) За професионален војник на служба во Армијата по пат на јавен оглас се прима лице кое покрај општите услови од членот 31 од овој закон, ги исполнува и следниве посебни услови:

- да има завршено средно образование и
- да не е постар од 25 години на денот на завршување на рокот за пријавување на огласот за прием на професионални војници.

(2) Со лицето од ставот (1) на овој член, Министерството за одбрана склучува договор за работа во траење од три месеци, во кој период влегува основна војничка обука, а по чие успешно завршување со лицето се склучува договор за работа од четири години.

(3) За времетраење на основната војничка обука, лицето кое е примено како професионален војник на служба во Армијата ги остварува сите права и обврски од работен однос согласно со овој закон.“.

Член 17

Во член 40 став (2) зборот „три“ се заменува со зборот „четири”.

Член 18

Во член 40-а се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Професионалните војници кои во периодот утврден во ставот (2) на овој член нема да бидат преземени без објавување на јавен оглас во органите на државната и локалната власт и другите органи, продолжуваат да ја извршуваат последната должност на која се распоредени, со продолжување на договорот за период не е подолг од четири месеци.”.

Ставот (4) станува став (5).

Член 19

Во член 42 алинеја 2 по зборот „Армијата“ се додава зборот „војник”.

Во алинејата 4 по зборот „водник,“ се додаваат зборовите: „водник I класа,“.

Во алинејата (5) зборовите: „на Армија“ се бришат.

Член 20

Во член 43 став (2) по зборовите: „45 години возраст,“ се додаваат зборовите: „може да“.

Во ставот (3) зборовите: „мировни операции“, се заменуваат со зборовите: „меѓународни операции“.

Член 21

Во член 51-а ставот (1) се менува и гласи:

„Активниот воен персонал упатен на должност во органи на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, обука, хуманитарни операции, меѓународни операции, НАТО мисии и операции, командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, командите, штабовите и воените единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката, како и на школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација за потребите на службата подолго од шест месеци во годината во која се оценува, се оценува од надлежен старешина или раководен службеник каде што ја извршувал должноста.“.

Член 22

Во член 52 став (3) зборовите: „бројчено со ознака од еден до пет и“ се бришат.

Член 23

Во член 53 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Со степен на оценка „особено се истакнува“ можат да бидат оценети само 25% од вкупниот број на персонал по категории на служба во Армијата, таму каде што тоа е применливо, односно бројот на оценувани не е помал од четворица.“.

Член 24

Членот 57 се менува и гласи:

„(1) Цивилниот персонал на служба во Армијата се оценува на секои 12 месеци по истекот на календарската година.

(2) Оценувањето на цивилниот персонал се врши врз основа на податоците кои се однесуваат на следниве критериуми:

- стручното знаење,
- професионалната ефикасност и
- резултатите од работата.

(3) Оценувањето на цивилниот персонал го врши непосредно претпоставениот.

(4) Податоците се оценуваат поединечно и описно, со следниве степени: „особено се истакнува”, „се истакнува”, „добар”, „задоволува” и „не задоволува”.

(5) Цивилниот персонал кој не е задоволен со оцената, во рок од 15 дена од денот кога му е соопштена истата, може да поднесе жалба до непосредно претпоставениот старешина на старешината кој го извршил оценувањето.

(6) Оцената по жалбата е конечна.“.

Член 25

Членот 60 се менува и гласи:

„(1) Активниот воен персонал може да се унапреди во непосредно повисок чин според потребите на службата, врз основа на оценувањето на резултатите на нивната работа за периодот сметано од нивното последно унапредување, покажана способност за вршење должност во повисок чин и да е поставен на формациско место со непосредно повисок чин.

(2) Покрај условите од ставот (1) на овој член, за офицерите кои се унапредуваат во чин мајор и повисоко, задолжително е познавање на најмалку еден од службените јазиците во употреба во НАТО, ниво 2.2.2.2. по STANAG 6001“.

Член 26

Членот 61 се менува и гласи:

„(1) Офицер може да се унапреди во непосредно повисок чин, ако во чинот што го има поминал најмалку:

- во чин потпоручник..............................две години,
- во чин поручник.............................четири години,
- во чин капетан...................................шест години,
- во чин мајор.........................................пет години,
- во чин потполковник............................пет години,
- во чин полковник............................четири години,
- во генералските чинови........................три години.

(2) Офицер може да се унапреди во непосредно повисок чин една година порано од времето утврдено во ставот (1) на овој член, само ако:

- три пати последователно е оценет со степен „особено се истакнува", по сите критериуми од членот 52 став (1) од овој закон,
- извршува командна или раководна должност,
- постигнува исклучителни резултати во командувањето или раководењето и
- е предлог на два кадровски совети на ниво бригада или повисоко.".

Член 27

Членот 63 се менува и гласи:

„Во чин бригаден генерал може да биде унапреден полковник кој ги исполнува условите од членот 61 од овој закон и кој има завршено школа за национална одбрана.".

Член 28

Членот 65 се менува и гласи:

„(1) Подофицер може да се унапреди во непосредно повисок чин ако во чинот што го има поминал најмалку:

- во чин водник......................................три години,
- во чин водник I класа.......................четири години,
- во чин постар водник......................четири години,
- во чин постар водник I класа .........четири години,
- во чин наредник............................четири години.".

Член 29

Во член 71 став (1) по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- во чин водник I класа......................пет години,".

Член 30

Во член 74 став (1) по зборот „специјалност" се става запирка и се додаваат зборовите: „проекцијата на кариера".

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Воениот и цивилен персонал со медицинска, фармацевтска или стоматолошка струка може одреден број на часови да работи во системот на јавно здравство, согласно со договор помеѓу Министерството за одбрана и Министерството за здравство кој ќе ги регулира надоместоците и правата и обврските на сите засегнати страни.".

Член 31

Во член 82 ставот (1) се менува и гласи:

„Активниот воен и цивилен персонал упатен на стручно оспособување и усовршување се разрешува од должноста ако стручното оспособување и усовршување трае подолго од шест месеци.".

Член 32

Членот 88 се менува и гласи:

„(1) Во случај кога активниот воен и цивилен персонал е упатен на работа во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката, на стручно усовршување или образование во странство за потребите на Министерството за одбрана и Армијата, е должен во рок од 15 дена од денот на престанувањето на работата во странство, односно стручното усовршување или образование, да се врати на работа.

(2) Активниот воен и цивилен персонал од ставот (1) на овој член, во рок од 30 дена од денот на враќањето се распоредува на работно место, односно се поставува на формациско место согласно со неговиот степен на стручна подготовка и чин.

(3) Подготовките за распоредувањето од ставот (2) на овој член, почнуваат 60 дена пред крајот на мандатот или завршувањето на стручното усовршување или образование.".

Член 33

Членот 90 се брише.

Член 34

Во член 92 ставот (5) се менува и гласи:

„Работното време може да трае подолго од 40 часа во работната недела во следниве случаи:

1) во случај на наредени мерки за зголемена борбена готовност;

2) во случај на потреба од дополнително ангажирање на одредени воени единици заради одржување на борбената готовност;

3) за време на упатување во хуманитарни операции, меѓународни операции и НАТО мисии и операции;

4) во случај на тревога во воените единици;

5) за време на воена вежба;

6) во случај кога Армијата учествува во отстранување последици од вонредна и воена состојба;

7) за време на дежурство, стражарска должност и други должности во воени единици;

8) во услови кога се бара продолжување на започната работа чие запирање или прекинување би имало штетни последици за борбената готовност на воената единица, за извршување вонредни задачи или поради одредени состојби во единицата.".

Ставот (6) се менува и гласи:

„Во случаите од ставот (5) на овој член, воениот и цивилниот персонал е должен да работи подолго од полното работно време.".

Ставот (7) се менува и гласи:

„Наредба за работа подолга од полното работно време во случаите од ставот (5) точки 1) и 2) на овој член, донесува министерот за одбрана, а во случаите од ставот (5) точки 3), 4), 5), 6), 7) и 8) на овој член, наредба донесува командантот на бригада и нему рамен или повисок воен старешина.“.

Член 35

Членот 95 се менува и гласи:

„(1) Војниците за време на доброволно служење на воениот рок, професионалниот војник од членот 36 став (2) од овој закон, лицата на стручно оспособување и усовршување за офицери, односно подофицери и активниот резервен персонал се должни да извршуваат воени и други должности во воените единици во согласност со распоредот за животот и работата во воената единица, пропишан од началникот на Генералштабот на Армијата или од него овластено лице.

(2) На професионалниот војник од членот 36 став (2) од овој закон, за време на изведување на основната војничка обука не му следува дневница.“.

Член 36

Во членот 100 зборовите: „мировни операции надвор од територијата на Републиката“, се заменуваат со зборовите: „хуманитарни операции, меѓународни операции, НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност”.

Член 37

Членот 109 се менува и гласи:

„На активен воен и цивилен персонал кој го придружува брачниот другар упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка или просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, во команди и штабови на меѓународни организации во странство, на стручно усовршување или образование подолго од 90 дена, на негово барање му мируваат правата и обврските од работен однос и има право во рок од 15 дена од денот на престанувањето на упатувањето на неговиот брачен другар во странство да се врати на служба во Министерството за одбрана односно Армијата, на должност според неговиот чин, односно работно место.“.

Член 38

Во член 110 став (1) по зборот „рок“ се додаваат зборовите: „и професионален војник на основна војничка обука“.

Член 39

Во член 120 став (2) по зборот „исплата”, се додава зборот „само”.

Член 40

По членот 147 се додава нов член 147-а, кој гласи:

„Член 147-а

Активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата остварува право на стаж на осигурување со зголемено траење, согласно со закон.“.

Член 41

Во член 149 став (1) табелата се менува и гласи:

„

| Чин | Бодови по чин |
|---|---|
| Генерал | 855 |
| Генерал-потполковник | 795 |
| Генерал-мајор | 735 |
| Бригаден генерал | 675 |
| Полковник | 605 |
| Потполковник | 565 |
| Мајор | 525 |
| Капетан | 495 |
| Поручник | 465 |
| Потпоручник | 455 |
| Главен наредник | 445 |
| Наредник | 440 |
| Постар водник I Класа | 430 |
| Постар водник | 423 |
| Водник I Класа | 410 |
| Водник | 399 |
| Професионален војник | 397 |

“

Член 42

Во член 150 став (1) табелата се менува и гласи:

„

| Чин | Бодовна група | Бодови за должност |
|---|---|---|
| Генерал | 1 | 520 |
| Генерал-потполковник | 2 | 480 |
| Генерал-мајор | 3 | 450 |
| Бригаден генерал | 4 | 430 |
| Полковник | 5 | 350 |
| | 6 | 300 |
| Потполковник | 7 | 260 |
| | 8 | 210 |
| Мајор | 9 | 190 |
| | 10 | 165 |
| Капетан | 11 | 155 |
| | 12 | 140 |
| Поручник | 13 | 130 |
| Потпоручник | 14 | 125 |
| Главен наредник | 15 | 115 |
| Наредник | 16 | 110 |
| Постар водник I класа | 17 | 105 |
| Постар водник | 18 | 104 |
| Водник I класа | 19 | 103 |
| Водник | 20 | 101 |
| Професионален војник | 21 | 100 |

“

Член 43

Во член 156 став (1) алинејата 4 се менува и гласи:

„- за докторат на науки согласно со потребите на Армијата или школа за национална одбрана..100 бода.“.

Член 44

Во член 173 табелата се менува и гласи:

„

| Група | Образование | Бодови |
|---|---|---|
| I | Високо/240 ЕКТС | 300 |
| II | Вишо/180 ЕКТС | 230 |
| III | Средно | 190 |
| IV | Основно | 155 |

Член 45

Во член 174 став (1) табелата се менува и гласи:

„

| Степен на образование | Бодовна група | Бодови за должност |
|---|---|---|
| Високо/240 ЕКТС | I | 530 |
| | II | 440 |
| | III | 380 |
| | IV | 360 |
| Вишо/180 ЕКТС | V | 310 |
| | VI | 290 |
| Средно | VII | 270 |
| | VIII | 250 |
| | IX | 240 |
| | X | 220 |
| Основно | XI | 170 |

“

Член 46

По членот 187 се додава нов член 187-а, кој гласи:

„Член 187-а

Воениот персонал на стручно оспособување и усовршување за офицер има право на паричен надоместок во износ од последната просечна нето-плата на ниво на Републиката.“.

Член 47

Во член 188 став (2) зборовите: „државните службеници“, се заменуваат со зборовите: „административните државни службеници“.

Член 48

Членот 192 се менува и гласи:

„(1) На активен воен и цивилен персонал кој има засновано работен однос на неопределено време во Армијата, му се исплатува надоместок на трошоци за станбено обезбедување.

(2) Активен воен персонал кој има засновано работен однос на определено време во Армијата, правото од ставот (1) на овој член, може да го оствари по навршување на четири години служба во Армијата.

(3) Висината на надоместок на трошоци за станбено обезбедување е во висина на трошоците за одвоен живот.

(4) По исклучок на ставот (1) на овој член, лицата кои веќе имаат обезбедено станбено прашање со станови кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА, не остваруваат право на надоместок на трошоци за станбено обезбедување.

(5) Надоместокот на трошоци за одвоен живот и надоместокот на трошоци за станбено обезбедување меѓусебно се исклучуваат.“.

Член 49

Членовите 193, 194, 195, 196, 196-а, 197, 197-а, 197-б, 197-в, 197-г, 197-д, 197-ѓ, 198 и 198-а се бришат.

Член 50

Во член 199 ставот (1) се менува и гласи:

„Воени претставници на Република Северна Македонија во странство се: одбранбени аташеа, воени аташеа и воени и цивилни лица на служба во Армијата упатени на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката, согласно со актот за систематизација на Министерството за одбрана и актот за формација на Армијата.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Воените претставници од ставот (1) на овој член со решение ги упатува министерот за одбрана.“.

Член 51

Членот 200 се менува и гласи:

„(1) На воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, придонесите се пресметуваат и уплатуваат врз основа на платата утврдена на денот на упатувањето.

(2) Воениот и цивилниот персонал од ставот (1) на овој член има право на плата, која се пресметува и исплатува во висина на последната утврдена плата пред упатувањето и право на надоместок за учество во мисиите и операциите од ставот (1) на овој член.

(3) Висината на надоместокот од ставот (2) на овој член, ја уредува министерот за одбрана, врз основа на чин, одговорност и ризик.“.

Член 52

Во член 201 став (1) зборовите: „мировни операции надвор од територијата на Републиката“, се заменуваат со зборовите: „хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност.“.

Член 53

Членот 201-а се менува и гласи:

„Воениот и цивилен персонал кој учествува во меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективната самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, кои траат шест месеци или подолго, по враќањето има право на отсуство од работа со надоместок на плата, во траење од десет работни дена.“.

Член 54

По членот 201-а насловот на Глава XVI се менува и гласи:

„XVI. ЗДРАВСТВЕНА И ФИЗИЧКА СПОСОБНОСТ ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА“.

Член 55

Во член 203 став (1) по зборот „воениот“ се додаваат зборовите: „и цивилниот“.

По ставот (3) се додаваат четири нови ставови (4), (5), (6) и (7), кои гласат:

„(4) Против наодот, оценката и мислењето на военолекарската комисија може да се поднесе жалба во рок од три дена од денот на известување за наодот, оценката и мислењето, до Второстепената военолекарска комисија која ја формира Владата на Република Северна Македонија.

(5) Второстепената военолекарска комисија се состои од претседател, шест членови и нивни заменици кои се избираат за период од четири години. Претседателот, членовите и замениците се избираат од составот на терцијарното здравство.

(6) Начинот на работа на Второстепената военолекарска комисија од ставот (4) на овој член, го уредува Владата на Република Северна Македонија.

(7) Одлуката на комисијата од ставот (4) на овој член е конечна.”.

Член 56

Членот 204 се менува и гласи:

„(1) Проверката на физичката способност на лицата на должност во Армијата, ја спроведуваат комисии во командите и единиците на Армијата во ранг на баталјон и повисоко, формирани од командантот на единицата.

(2) Проверката на физичката способност за активниот воен персонал на должност во Министерството за одбрана и за прием на воен персонал на служба во Армијата, како и за надзор над работата на комисиите од ставот (1) на овој член, ја врши комисија формирана од министерот за одбрана.

(3) Начинот на работа на комисиите од ставовите (1) и (2) на овој член, го пропишува министерот за одбрана.”.

Член 57

По членот 218 се додава нов член 218-а), кој гласи:

„Член 218-а)

(1) На активниот воен и цивилен персонал му престанува работниот однос по сила на закон со остварување на право на пензија, со навршување на 40 години пензиски стаж и навршени 55 години возраст.

(2) Активниот воен и цивилен персонал кој ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, може со писмена изјава до Министерството да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до пет години по навршување на 40 години пензиски стаж, односно по наполнување на 55 години возраст.

(3) Писмената изјава од ставот (2) на овој член, активниот воен и цивилен персонал ја дава еднаш годишно, најдоцна до 31 август во тековната година, за продолжување на договорот за работа за наредната година.

(4) Министерството за одбрана во рок од три месеци од поднесувањето на изјавата, а врз основа на потреба на службата, одлучува дали ќе го продолжи договорот за работа.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата, односно актот за систематизација на Министерството за одбрана кое предизвикува укинување на единица, команда, штаб или укинување на формациско место, односно работното место, при што во рок од 60 дена нема можност активниот воен и цивилен персонал да биде поставен на друго формациско, односно работно место, на истиот му престанува работниот однос со остварување на право на пензија со навршени најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години пензиски стаж остварен во служба во Армијата.

(6) Рокот од ставот (5) на овој член почнува да тече од денот на започнување на трансформацијата согласно со промените во актот на формацијата на Армијата односно актот за систематизација на Министерството за одбрана, согласно со утврдениот динамички план за трансформација.

(7) Пензијата согласно со овој член е во висина од 80% од просечната нето-плата што активниот воен и цивилен персонал ја остварил во текот на најповолните десет години од пензискиот стаж.

(8) Средствата за исплата на пензијата од ставот (7) на овој член, до навршување на годините на живот за остварување на право на старосна пензија според прописите од областа на пензиското и инвалидското осигурување, се обезбедуваат од буџетот на Министерството за одбрана.“.

Член 58

Во член 219 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Во случај на престанок на работниот однос од членот 218 став (1) точка 9) на овој закон, барателот е должен да поднесе и писмена изјава со која ќе потврди дека нема неисполнети обврски кон Министерството за одбрана кои произлегуваат од стручно оспособување и усовршување финансирано од страна на Министерството за одбрана и реализирано за потребите на истото.

(4) Доколку постојат неисполнети обврски утврдени со договорот за стручно оспособување и усовршување, барателот е должен да го врати износот во целост на сметка на Министерството за одбрана пред конечноста на решението за престанок на работниот однос.“.

Член 59

Членот 220 се менува и гласи:

„(1) Во случаи од членот 218-а) став (5) од овој закон, Министерството за одбрана е должно на активниот воен и цивилен персонал да му исплати испратнина, односно еднократен надоместок во висина на нето-плата за секои три години работен стаж во Министерството, чиј износ не може да биде повисок од десет нето плати на работникот.

(2) Основицата за пресметка на испратнината од ставот (1) на овој член, е просечната нето-плата на работникот исплатена во последните шест месеци пред престанокот на работниот однос.

(3) Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.“.

Член 60

Членот 221 се брише.

Член 61

Во Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19), во целиот текст на законот, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 62

Во целиот текст на законот, зборовите: „активниот резервен персонал“ се заменуваат со зборовите: „активната резерва“, а зборовите: „активен резервен персонал“ се заменуваат со зборовите: „активна резерва“.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 63

(1) Одредбите од членот 48 од овој закон со кој се менува членот 192 и членот 49 од овој закон со кој се бришат членовите 193, 194, 195, 196, 196-а, 197, 197-а, 197-б, 197-в, 197-г, 197-д, 197-ѓ, 198 и 198-а од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 101/19), ќе започнат да се применуваат од 1 март 2020 година.

(2) Постапките за станбено обезбедување започнати до денот на започнување на примена на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе се завршат согласно со Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 101/19).

Член 64

(1) Прописите чие донесување е предвидено со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Подзаконските акти донесени врз основа на Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19), продолжуваат да се применуваат до донесувањето на прописите од ставот (1) на овој член.

Член 65

Постапките за прием на офицери, подофицери и професионални војници на служба во Армијата кои се започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се спроведат согласно со Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19).

Член 66

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Член 67

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SHËRBIM NË ARMATËN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

Neni 1

Në Ligjin për shërbim në Armatën e Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 dhe 71/16 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 101/19), në titull fjalët: "Republika e Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: "Republika e Maqedonisë së Veriut".

Neni 2

Pas nenit 1 shtohet nen i ri 1-a, si vijon:

"Neni 1-a

(1) Ligji ka qasje sensuale gjinore dhe zbatueshmëri të barabartë për femrat dhe meshkujt në shërbim në Armatë.

(2) Të gjitha nocionet e përdorura në ligjin në gjininë mashkullore nënkuptojnë nocione të njëjta në gjininë femërore.“.

Neni 3

Në nenin 2 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Si shërbim në Armatë konsiderohet edhe kryerja e detyrave në Ministrinë e Mbrojtjes, Akademinë Ushtarake, organet tjera të pushtetit shtetëror, shoqëritë tregtare, ndërmarrjet publike, institucione dhe shërbime, pjesëmarrje në stërvitje, trajnime, operacione humanitare, operacione ndërkombëtare, në misione dhe operacione të Organizatës së Marrëveshjes Veriatlantike (në tekstin e mëtejshëm: në misionet dhe operacionet e NATO-s) dhe operacionet në zbatimin e së drejtës së vetëmbrojtjes individuale ose kolektive, operacionet e menaxhimit të krizave dhe të sigurisë kooperative, si dhe kryerja e detyrave në strukturat komanduese të NATO-s, misionet diplomatike të përfaqësisë së Republikës, komandat, shtabet dhe njësitë ushtarake të organizatave ndërkombëtare jashtë vendit dhe në territorin e Republikës.“.

Neni 4

Në nenin 3 paragrafi 1 pika v), ndryshohet si vijon:

"v) pjesëtarët e forcave rezerve të vendosur në detyrë në pajtim me aktin për formacion të Armatës, si vijon:

- pjesëtarët e rezervës aktive dhe
- pjesëtarët e rezervës së përgjithshme.“.

Neni 5

Në nenin 11 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Personeli ushtarak dhe civil ka edhe dokumente të posaçme të parapara me Konventat e Gjenevës në rast të gjendjes së luftës dhe pjesëmarrjes në stërvitje, trajnim, operacione humanitare, operacione ndërkombëtare, misione dhe operacione të NATO-s në zbatimin e të drejtës për vetëmbrojtje individuale ose kolektive, operacione për menaxhim të krizave dhe siguri kooperative, si dhe kryerjen e detyrave në strukturat komanduese të NATO-s dhe komandat, shtabet dhe njësitë ushtarake të organizatave ndërkombëtare jashtë vendit.".

